РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 31-4292/9
05-11-2025 20 год.viti
Скопје-Shkup

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ
Бр. 08-6827/1
06-11-2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – јаглен на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје на локалитетот „Брод Гнеотино", општина Новаци бр.50-9457/10 од 28 октомври 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.221/25) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Брод Гнеотино", општина Новаци бр.24-7375/1 од 05.12.2013 година

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини**
**Сања Божиновска**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје**
**со адреса: 11-ти Октомври бр.9 Скопје - Центар, Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето Лазо Узунчев**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден _________ 2025 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ЈАГЛЕН НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БРОД ГНЕОТИНО", ОПШТИНА НОВАЦИ

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Брод Гнеотино", општина Новаци бр.24-7375/1 од 05.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се продолжува за период од 20 (дваесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Брод Гнеотино", општина Новаци бр.24-7375/1 од 05.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Брод Гнеотино", општина Новаци бр.24-7375/1 од 05.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

**За Концедентот**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**
**Сања Божиновска**

**За Концесионер**
**АД за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје**
**Лазо Узунчев**

Изработил: Neim Qamili
Контролирал: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Проверил: Филип Петровски
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

1:50000

Локалитет: Брод Гнеотино-Новаци

Минерална суровина: Јаглен

Површина = 11.433150 км2




| Т | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7548000 | 4535000 |
| 2 | 7544850 | 4535000 |
| 3 | 7543400 | 4536550 |
| 4 | 7542832 | 4537846 |
| 5 | 7543540 | 4538520 |
| 6 | 7545000 | 4538520 |
| 7 | 7545460 | 4537600 |
| 8 | 7546740 | 4537600 |
| 9 | 7547100 | 4536550 |
| 10 | 7547400 | 4536550 |